# Службен гласник
## на Општина Валандово

Број 02 04.03.2025, вторник

www.valandovo.gov.mk

СОДРЖИНА

**Совет на Општина Валандово:**

**1.Решение** за објавување на Завршна сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година.................................... 2
**2.Завршна сметка** на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година............................................................................ 2
**3.Решение** за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2025 година.................................... 3
**4.Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2025 година.................................................................................... 3
**5.Решение** за објавување на Одлука за давање на користење, одржување и управување на Водоводен систем за с.Калково – резервоар (фаза 1) на Јавното претпријатие „Комунален сервис" Валандово............................................ 3
**6.Одлука** за давање на користење, одржување и управување на Водоводен систем за с.Калково – резервоар (фаза 1) на Јавното претпријатие „Комунален сервис" Валандово............................................................................ 4
**7.Решение** за објавување на Одлука за давање на времено користење и одржување на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Општински против пожарен сојуз Валандово............................................................................ 4
**8.Одлука** за давање на времено користење и одржување на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Општински против пожарен сојуз Валандово..................... 4
**9.Решение** за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на спортски здруженија и здруженија на граѓани за реализација на програмски активности......... 5
**10.Одлука** за одобрување финансиски средства на спортски здруженија и здруженија на граѓани за реализација на програмски активности............................... 5
**11.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Годишниот Извештај на Општина Валандово за 2024 година............................................................................ 5
**12.Заклучок** за усвојување на Годишниот Извештај на Општина Валандово за 2024 година.................................... 6
**13.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2024 година.............................................................................. 6
**14.Заклучок** за усвојување на Завршната сметка на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2024 година................. 6
**15.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Финансискиот извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2024 година....................................... 6
**16.Заклучок** за усвојување на Финансискиот извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2024 година............................................................................ 7
**17.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за 2024 година........................................................................ 7
**18.Заклучок** за усвојување на Завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за 2024 година........................... 7
**19.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за 2024 година............................................................................ 7
**20.Заклучок** за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за 2024 година..................... 7
**21.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур" Јосифово за 2024 година............................................................................ 8

**22.Заклучок** за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур" Јосифово за 2024 година........................ 8
**23.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Елаборат за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: силно невреме проследено со пороен дожд, врнежи од град, грмежи и силен ветер која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 02.07.2024 година.................................................................. 8
**24.Заклучок** за усвојување на Елаборат за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: силно невреме проследено со пороен дожд, врнежи од град, грмежи и силен ветер која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 02.07.2024 година............. 8
**25.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Завршните сметки на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за 2024 година................................................................................. 9
**26.Заклучок** за усвојување на Завршните сметки на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за 2024 година.................................. 9
**27.Решение** за објавување на Заклучок за за усвојување на Одлуката од УО на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за усвојување на Пречистен текст на Статутот на ЈОУДГ „Калинка" Валандово........................................................... 9
**28.Заклучок** за усвојување на Одлуката од УО на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за усвојување на Пречистен текст на Статутот на ЈОУДГ „Калинка" Валандово............................ 9
**29.Решение** за објавување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2025 година.................................................................................. 9
**30.Програма** за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2025 година.................................. 10
**31.Решение** за објавување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година........... 13
**32.Програма** за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година................................................................................. 13

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување на Завршна сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Завршна сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и третата редовна седница, одржана на ден 27.02.2025 година.

Бр.09-337/2
04.03.2025 год.
Валандово

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

---

Врз основа на член 33 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" 202/2024 ) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и третата редовна седница, одржана на ден 27.02.2025 година, донесе

## ЗАВРШНА СМЕТКА

**на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година**

**Член 1**

Вкупниот износ на планираните и остварените приходи и расходи во 2024 година изнесуваат:

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **302.764.000** | **290.298.850** |
| Даночни приходи | 41.031.663 | 46.447.630 |
| Неданочни приходи | 14.952.266 | 7.928.521 |
| Капитални приходи | 9.750.000 | 6.889.450 |
| Приходи од дотации | 188.445.000 | 184.964.580 |
| Трансфери | 43.338.071 | 43.120.816 |
| Донации | 5.247.000 | 947.853 |
| Кредити | 0 | 0 |
| **Вкупни расходи** | **321.587.000** | **302.344.136** |
| Утврдени намени | 321.287.000 | 302.217.637 |
| Резерви | 300.000 | 126.499 |
| **Дефицит/ Суфицит** | **-18.823.000** | **-12.045.286** |
| **Финансирање** | **18.823.000** | **12.045.286** |
| **Прилив** | **18.823.000** | **12.045.286** |
| -Домашно задолжување | | 0 |
| -Странски заем | | 0 |
| - Депозит | 18.823.000 | 12.045.286 |
| **Одлив** | | |
| -отплата на главнина | | 0 |

**Член 2**

Салдото на сите сметки на Буџетот на Општина Валандово на 31.12.2024 година изнесува:

| | |
|---|---|
| - **Салдо на 31.12.2024 година** | **6.670.004** денари |
| Салдо Основен буџет | 4.345.208 денари |
| Салдо Буџет на дотации | 1.106.077 денари |
| Салдо Буџет на самофин. акт. | 653.045 денари |
| Салдо Буџет на донации | 565.674 денари |

Салдото на Основен буџет на 31.12.2024 година во износ од 4.345.208 денари се пренесува како прилив на Основен буџет на Општина Валандово за 2025 година.

Салдото на Буџет на дотации на 31.12.2024 година, во износ од 1.106.077 денари, се пренесува како прилив на Буџет на дотации на Општина Валандово за 2025 година.

Салдото на Буџет на самофинансирачки активности на 31.12.2024 година, во износ од 653.045 денари, се пренесува како прилив на Буџет на самофинансирачки активности на Општина Валандово за 2025 година.

Салдото на Буџет на донации на 31.12.2024 година, во износ од 565.674 денари, се пренесува како прилив на Буџет на донации на Општина Валандово за 2025 година.

**Член 3**

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени, се искажани во билансите на приходи и расходи.

**Член 4**

Во посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година се искажани планираните и извршените расходи по потпрограми, сметки и основни намени.

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-36/2 | Совет на Општина Валандово |
| 27.02.2025 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и третата редовна седница, одржана на ден 27.02.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-337/4 | Градоначалник |
| 04.03.2025 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ" бр.244/19, 150/21, 173/22 и 170/24), член 93 став 2 од Закон за Административни службеници („Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16, 11/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), член 36, став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 21 став 1 точка 4 и член 99 од Статутот на Општината Валандово, Одредбите од Колективниот договор на Општина Валандово склучен помеѓу Општина Валандово, Синдикат на УПОЗ и Синдикалната организација на Синдикатот на УПОЗ при Општина Валандово бр.0101-1056/1 и 0101-912/1 од 08.11.2023 година и Општиот колективен договор за јавниот сектор („Службен весник на РСМ" бр.154/23), Советот на Општината Валандово на четириесет и третата редовна седница, одржана на ден 27.02.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2025 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2025 година, бр.08-161/3 од 23.12.2024 година („Службен гласник на Општина Валандово" бр.12/24) се вршат следните измени:

- Во членот 6 став 3 зборовите "односно 10% од расходните конта за плати и придонеси за плати" се бришат и
- Во членот 9 став 1 алинеја 1 текстот "и за Општина Валандово изнесува 2.52" се заменува со текстот „согласно утврдениот коефициент во Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија".

Останатите одредби од предметната Одлука остануваат непроменети.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-36/4 | Совет на Општина Валандово |
| 27.02.2025 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање на користење, одржување и управување на Водоводен систем за с.Калково – резервоар (фаза 1) на Јавното претпријатие „Комунален сервис" Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање на користење, одржување и управување на Водоводен систем за с.Калково – резервоар (фаза 1) на Јавното претпријатие „Комунален сервис" Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и третата редовна седница, одржана на ден 27.02.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-337/14 | Градоначалник |
| 04.03.2025 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024), член 21 став 1 точка 32, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и третата редовна седница, одржана на ден 27.02.2025 година, донесе:

## О Д Л У К А
**за давање на користење, одржување и управување на Водоводен систем за с.Калково – резервоар (фаза 1) на Јавното претпријатие „Комунален сервис" Валандово**

**Член 1**

Со оваа одлука се уредува давањето на користење, одржување и управување на Водоводен систем за с.Калково – резервоар (фаза 1) на Јавното претпријатие „Комунален сервис" Валандово, како и други прашања во врска со функционирањето на водоводниот систем.

**Член 2**

Водоводниот систем за с.Калково – резервоар (фаза 1) е изграден со средства од Министерството за транспорт на Република Северна Македонија како нарачател и Општина Валандово како краен корисник согласно поедноставена отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка со оглас број 17369/2022 од страна на Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Водоводен систем за с.Калково – резервоар (фаза 1), ќе го користи, одржува и управува Јавното претпријатие „Комунален сервис" Валандово.

Јавното претпријатие „Комунален сервис" Валандово е должно при користењето, одржувањето и управувањето со објектот да постапува согласно законските прописи.

За примопредавањето на Водоводен систем за с.Калково – резервоар (фаза 1) Општина Валандово и Јавното претпријатие „Комунален сервис" Валандово, ќе се состави записник.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-36/14 | Совет на Општина Валандово |
| 27.02.2025 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Одлука за давање на времено користење и одржување на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Општински против пожарен сојуз Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање на времено користење и одржување на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Општински против пожарен сојуз Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и третата редовна седница, одржана на ден 27.02.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-337/15 | Градоначалник |
| 04.03.2025 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024), член 67 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.Весник на РМ" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и („Сл.Весник на РСМ" бр. 101/19, 275/19 и 122/21), член 21 став 1 точка 32, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и третата редовна седница, одржана на ден 27.02.2025 година, донесе:

## О Д Л У К А
**за давање на времено користење и одржување на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Општински против пожарен сојуз Валандово**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава на времено користење и одржување недвижен имот сопственост на Општина Валандово (Планински дом караула Беласица) лоциран на КП бр.614, КО Бајрамбос запишан во Имотен лист 52, на Општински против пожарен сојуз Валандово – доброволно противпожарно друштво, за период од 3 (три) години.

**Член 2**

Општинскиот против пожарен сојуз Валандово – доброволно противпожарно друштво, има обврска да се грижи домаќински за недвижниот имот опишан во член 1 од оваа одлука и истиот не може да се користи за комерцијална намена.

Секое физичко или правно лице кое има потреба од реализација на спортски, културни, образовни, социјални или други активности, може да го користи предметниот недвижен имот по претходно поднесено барање и добиена согласност од Општина Валандово.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Валандово да склучи Договор за времено користење и одржување на недвижен имот опишан во точка 1, каде детално ќе се уредат меѓусебните права и обврски со цел успешно спроведување на одредбите од предметната одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-36/15 Совет на Општина Валандово
27.02.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на спортски здруженија и здруженија на граѓани за реализација на програмски активности**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување финансиски средства на спортски здруженија и здруженија на граѓани за реализација на програмски активности, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и третата редовна седница, одржана на ден 27.02.2025 година.

Бр.09-337/16 Градоначалник
04.03.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ” бр.202/2024 ), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и третата редовна седница одржана на ден 27.02.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување финансиски средства на спортски здруженија и здруженија на граѓани за реализација на програмски активности**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат финансиски средства за реализација на програмски активности, на следните Здруженија на граѓани:

- 60.000,00 денари на Здружението за спорт фудбалски клуб „ПОБЕДА КИДС” Валандово, со ЕДБ 4003024504941.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, 463120 трансфери до спортски клубови, на сметка на корисникот трансакциска сметка број 210077615380103, депонент НЛБ Банка АД Скопје.

- 60.000,00 денари на ФК „Ударник“ Пирава, со ЕДБ 4003975102118.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, 463120 трансфери до спортски клубови, на сметка на корисникот трансакциска сметка број 200002525943624 депонент Стопанска банка АД Скопје.

- 60.000,00 денари на ЖФК „Победа Валандово 16“, со ЕДБ 4003016502972.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, 463120 трансфери до спортски клубови, на сметка на корисникот трансакциска сметка број 210071349240146, депонент НЛБ Банка АД Скопје.

- 60.000,00 денари на ФК „Победа“ Валандово со ЕДБ 4003002103544, за реализација на програмски активности.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, подставка 463120–трансфери до спортски клубови, на сметка на Фудбалски клуб „Победа“ Валандово број 200001634535837 депонент Стопанска банка АД Скопје;

- 30.000,00 денари на Училишен спортски клуб - Валандово, со ЕДБ 4003011501587.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, 463120 трансфери до спортски клубови, на сметка на корисникот трансакциска сметка број 240220002219572 депонент УНИ Банка АД Скопје.

- 20.000,00 денари на Општинската Организација на Црвениот крст Валандово со ЕДБ 4003996100611.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, подставка 463160 - – останати трансфери до хуманитарни организации, на сметка на корисникот бр. 200000001356537 депонент Стопанска Банка АД Скопје;

**Член 2**

Корисниците од член 1 на оваа Одлука се должни, одобрените средства наменски да ги употребат и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација, да доставаат финснсиски извештаи, со фотокопија од документацијата за намената за која ги имат искористено.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-36/16 Совет на Општина Валандово
27.02.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишниот Извештај на Општина Валандово за 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Годишниот Извештај на Општина Валандово за 2024 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и третата редовна седница, одржана на ден 27.02.2025 година.

Бр.09-337/3
04.03.2025 год.
Валандово

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

---

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/2025), член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и третата редовна седница, одржана на ден 27.02.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

**за усвојување на Годишниот извештај на Општина Валандово за 2024 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишниот извештај на Општина Валандово за 2024 година.

Составен дел на годишниот извештај се:

- годишната сметка;

- извештајот за реализацијата на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите;

- извештајот за користење на финансиските средства од постојаната и тековната резерва и

- извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-36/3
27.02.2025 год.
Валандово

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2024 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и третата редовна седница, одржана на ден 27.02.2025 година.

Бр.09-337/5
04.03.2025 год.
Валандово

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

---

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за Јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ 275/19, 83/22, 274/22 и 208/24), член 62 од Законот за локалната самоуправа „Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“) и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на четириесет и третата редовна седница, одржана на ден 27.02.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

**за давање согласност на Завршната сметка на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2024 година**

1. **СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Завршна сметка на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2024 година, кој Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово го има усвоено на 19.02.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-36/5
27.02.2025 год.
Валандово

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Финансискиот извештај за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Финансискиот извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2024 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и третата редовна седница, одржана на ден 27.02.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-337/6 | Градоначалник |
| 04.03.2025 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за Јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр.38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ" 275/19, 83/22, 274/22 и 208/24), член 62 од Законот за локалната самоуправа „Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ") и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на четириесет и третата редовна седница, одржана на ден 27.02.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за давање согласност на Финансискиот извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2024 година**

1. **СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Финансискиот извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2024 година, кој Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис" Валандово го има усвоено со Одлука бр.02-212/2 од 19.02.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-36/6 | Совет на Општина Валандово |
| 27.02.2025 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за 2024 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и третата редовна седница, одржана на ден 27.02.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-337/7 | Градоначалник |
| 04.03.2025 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и третата редовна седница, одржана на ден 27.02.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за 2024 година**

1. **СЕ УСВОЈУВААТ** Завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за 2024 година, предложени од Училишниот одбор на СОУ „Гоце Делчев" Валандово со Одлука бр.09-100/1 од 26.02.2025 година .

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-36/7 | Совет на Општина Валандово |
| 27.02.2025 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за 2024 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и третата редовна седница, одржана на ден 27.02.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-337/8 | Градоначалник |
| 04.03.2025 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и третата редовна седница, одржана на ден 27.02.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за 2024 година**

1. **СЕ УСВОЈУВААТ** Завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за 2024 година, предложени од Училишниот одбор на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово со Одлука бр.02-60/3 од 26.02.2024 година и тоа:

- Сметка буџетски дотации и

- Сметка сопствени приходи.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-36/8 | Совет на Општина Валандово |
| 27.02.2025 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово за 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово за 2024 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и третата редовна седница, одржана на ден 27.02.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-337/9 | Градоначалник |
| 04.03.2025 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и третата редовна седница, одржана на ден 27.02.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

**за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово за 2024 година**

1. **СЕ УСВОЈУВААТ** Завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово за 2024 година, предложени од Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово со Одлука бр.09-57/2 од 24.02.2025 година и тоа:

- Сметка буџетски дотации и

- Сметка за самофинансирачки дејности.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-36/9 | Совет на Општина Валандово |
| 27.02.2025 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Елаборат за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: силно невреме проследено со пороен дожд, врнежи од град, грмежи и силен ветер која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 02.07.2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Елаборат за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: силно невреме проследено со пороен дожд, врнежи од град, грмежи и силен ветер која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 02.07.2024 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и третата редовна седница, одржана на ден 27.02.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-337/9 | Градоначалник |
| 04.03.2025 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Советот на Општина Валандово, на четириесет и третата редовна седница одржана на ден 27.02.2025 година, расправаше по Елаборатот за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: силно невреме проследено со пороен дожд, врнежи од град, грмежи и силен ветер која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 02.07.2024 година, при што согласно член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

**за усвојување на Елаборатот за измена на елаборат проценета штета од елементарна непогода: силно невреме проследено со пороен дожд, врнежи од град, грмежи и силен ветер која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 02.07.2024 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Елаборатот за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: силно невреме проследено со пороен дожд, врнежи од град, грмежи и силен ветер која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 02.07.2024 година бр.08-112/8 од 01.10.2024 година.

**2.** Измената на елабоone да се достави до сите надлежни инструции за постапување по истиот.

**3.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-36/11 | Совет на Општина Валандово |
| 27.02.2025 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Завршните сметки на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Завршните сметки на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за 2024 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и третата редовна седница, одржана на ден 27.02.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-337/12 | Градоначалник |
| 04.03.2025 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.02.2024 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

**за усвојување на Завршните сметки на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за 2023 година**

1. **СЕ УСВОЈУВААТ** Завршните сметки на Јавната општинска установа-Детска градинка „Калинка" Валандово за 2023 година, предложени од Управниот одбор на ЈОУДГ „Калинка" Валандово со Одлука бр.02-30/2 од 23.02.2024 година и тоа:

- Сметка 7080102372 787 15 (сопствена) и

- Сметка 7080102372 903 10 (наменска).

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-36/12 | Совет на Општина Валандово |
| 27.02.2025 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Заклучок за за усвојување на Одлуката од УО на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за усвојување на Пречистен текст на Статутот на ЈОУДГ „Калинка" Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за за усвојување на Одлуката од УО на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за усвојување на Пречистен текст на Статутот на ЈОУДГ „Калинка" Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и третата редовна седница, одржана на ден 27.02.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-337/13 | Градоначалник |
| 04.03.2025 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и "Службен весник на РСМ" бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 44, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и третата редовна седница, одржана на ден 27.02.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

**за усвојување на Одлуката од УО на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за усвојување на Пречистен текст на Статутот на ЈОУДГ „Калинка" Валандово**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Одлуката од УО на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за усвојување на Пречистен текст на Статутот на ЈОУДГ „Калинка" Валандово бр.02-31/5 од 21.02.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-36/13 | Совет на Општина Валандово |
| 27.02.2025 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2025 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и третата редовна седница, одржана на ден 27.02.2025 година.

Бр.09-337/10
04.03.2025 год.
Валандово

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

**ПРОГРАМА**

**за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2025 година**

I. Вовед

Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести е во согласност со член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ" бр.66/2004, 139/2008, 99/2009, 149/14, 150/15, 37/16 и "Службен весник на РСМ" бр.257/20) каде е уредено дека Советите на општините по претходно мислење на надлежниот центар за јавно здравје за подрачјето за кое е основан донесуваат програми за спроведување на општите мерки за заштитата на населението од заразни болести на своето подрачје.

Заштитата на населението од заразни болести претставува организирана општествена активност со цел да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразни болести, кои се од посебно значење за Р.С.Македонија.

За заштита од заразни болести се спроведува епидемиолошки надзор и се применуваат општи и посебни мерки, а по потреба и вонредни мерки.

Епидемиолошкиот надзор го организираат и спроведуваат епидемиолошките служби при Институтот за јавно здравје и регионалните центри за јавно здравје.

Општите мерки за заштита од заразни болести ги програмираат и планираат општините, на предлог на Центрите за јавно здравје. Во овие мерки вклучуваат:

1. Обезбедување здравствено исправна вода за пиење и контрола на исправноста на водата;
2. Отстранување на отпадните води и цврстите материи на начин кој спречува загадување на човековата околина;
3. Обезбедување санитарно-технички и хигиенски услови во јавни објекти (училишни и предучилишни установи, објекти за храна, објекти за водоснабдување, други јавни установи и други јавни места);
4. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација;
5. Обезбедување на превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението;
6. Одржување на комуналната хигиена.

Општите мерки ги организира единицата на локална самоуправа и се спроведуваат во согласност со стандардите и постапките утврдени со закон за секоја дејност одделно.

Посебни (специфични) мерки за заштита на населението од заразни болести се:

1. Откривање на заразни болести-поставување дијагноза;
2. Лабораториско испитување за утврдување на причинителот на заболувањето;
3. Пријавување на заразни болести;
4. Епидемолошки испитувања;
5. Превоз, изолација и лечење на болни од заразна болест;
6. Карантин и здравствен надзор;
7. Здравствени прегледи на одредени категории на вработени, како и на лица и бацилоносители одредени со закон;
8. Имунизација и хемиопрофилакса;
9. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација по епидемиолошки индикации.

Специфичните мерки за заштита од заразни болести ги планираат и извршуваат здравствените работници во референтни здравствени установи, според специфичната цел и мерки за кои се регистрирани.

Во услови на епидемии и катастрофи од поширок размер се спроведуваат и вонредни мерки за заштита од заразни болести. Вонредните мерки ги предлага Комисија за заштита од заразни болести.

Спроведувањето на мерките за заштита на населението од заразни болести и средствата за нивно спроведување имаат приоритет во однос на спроведувањето на останатите мерки за здравствена заштита.

II. Активности

Со Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се утврдуваат активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиски средства за спроведување на општите мерки во спречувањето и сузбивањето на заразните и другите заболувања на територијата на Општина Валандово.

Општите мерки и активности ги организира и следи Општина Валандово, во соработка со ЈЗУ Центар за јавно здравје Струмица.

За заштита на населението од заразни болести во Општина Валандово, во 2025 година, ќе се спроведат следниве општи мерки:

1. Обезбедување здравствено исправна вода за пиење и контрола на исправноста на водата;
2. Обезбедување на хигиено-технички услови во училишните и предучилишните установи;
3. Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води на начин кој ќе овозможи заштита на човековата околина од загадување;
4. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други хигиено-технички мерки во населени места и други јавни површини;
5. Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението;
6. Одржување на комуналната хигиена.

### 1.1 Обезбедување здравствено исправна вода за пиење и контрола на исправноста на водата

Општина Валандово и во 2025 година генерално ќе продолжи да се грижи за континуирано снабдување на населението со доволни количини на здравствено исправна вода за пиење.

Со Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи во Општина Валандово во 2025 година, предвидено е изградба на цевковод од каптажа до новиот резервоар со должина од 3.888 метри и водоводна мрежа во село Калково со цевковод во должина од 5.540 метри.

Одобрени се средства за изградба на каптажа, доводен цевковод – крак 1 и дел од секундарната мрежа во с. Калково. За истата е спроведена јавна набавка од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање.

Во тек е водоводна линија на улица Маршал Тито во Валандово.

Во тек е техничка документација за потисен цевковод од пумпна станица Чалакли – Татарли до град Валандово.

Исто така во тек е изградба на нова водоводна линија од пумпна станица Чалакли – Татарли до село Чалакли.

За намалување на загубите со вода доколку се обезбедат финансиски средства ќе се направи замена и инсталација на мерни инструменти за далечинско отчитување комплет со инсталација и конфигурација на опрема за отчитување со Општина Валандово.

Директната грижа околу функционирањето на системите за водоснабдување во населените места и одржувањето на здравствената исправност на водата за пиење е на субјектите кои стопанисуваат со системите за водоснабдување, ЈП „Комунален сервис“ Валандово и Месните Заедници.

Притоа Општина Валандово и во 2025 година ќе продолжи со постапката на преземање на надлежностите од Месните заедници и пренесување на Јавното комунално претпријатие, со што ќе се добие одговорен субјект и поголема ефикасност во функционирањето на системите и поголема безбедност на водата за пиење од аспект на нејзината здравствена исправност.

Верификација на квалитетот и исправноста на водата за пиење од системите за водоснабдување и информирање на корисниците за квалитетот на водата го врши ЈЗУ Центар за јавно здравје Струмица, најмалку еднаш месечно.

Периодичните анализи се вршат двапати годишно во ЈЗУ Институт за јавно здравје Скопје.

### 2.1 Обезбедување на хигиено-технички услови во училишните и предучилишните установи

Децата и учениците се највулнерабилна категорија на население. За заштита на нивниот интегритет, а особено од заразна жолтица и други цревни заболувања се вршат и редовни контроли на училишните и предучилишните установи од страна на санитарниот и здравствен инспектор и лекарите од Центарот за јавно здравје.

Врз основа на теренските увиди, сите училишта и градинки добиваат извештај за утврдената состојба, со предлог мерки за подобрување доколку е потребно.

### 3.1 Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води

Отстранувањето на цврстиот отпад во Општина Валандово се спроведува на следниот начин: во градот Валандово и во сите населени места Раброво, Пирава, Јосифово, Горна Маала, Удово, Брајковци, Балинци, Марвинци, Грчиште, Раброво, Чалакли, Дедели, Казандол, Башибос, Кочули,Калково, Собри и Прстен го врши Јавното комунално претпријатие „Комунален сервис“.

Општина Валандово во 2025 година ќе продолжи со пренесување на надлежностите и отстранувањето и депонирањето на цврстиот отпад на Јавното комунално претпријатие и во некои од останатите населени места. Со овие мерки општината паралелно ќе продолжи со постепеното елиминирање и на дивите депонии. По претходно формирана комисија од страна на Градоначалникот, направено беше комплетно мапирање на сите постојни диви депонии во општината а преку ЈП „Комунален сервис“ Валандово се врши елиминација на истите.

На дневно ниво во просек се собира околу 54 $m^3$ комунален отпад, а во текот на една година околу 15.550 $m^3$ комунален отпад, кој го создаваат домаќинствата и истиот се депонира на депонијата „Сува река“. Депонијата „Сува Река“ се наоѓа на 5 km, оддалеченост од градот Валандово и истата зафаќа површина од 2000 $m^2$.

На овој план неколку години наназад во тек се активности преку Владата на РСМ и Југоисточниот плански регион, за справување со постоечкиот проблем за управување со отпадот, со основање на регионална депонија.

Општина Валандово и во 2025 година ќе продолжи со изградба на канализациони системи за прифаќање и одведување на отпадните води во населените места.

Во тек е реализирање на проектот „Основен проект за дел од колектор за град Валандово, дел 1“ во Општина Валандово.

Обезбедени се средства за „Изработка на техничка документација за изградба на канализационен систем во населено место Чалакли“, преку конкурсот за распределување на средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2024 година од Министерството за животна средина и просторно планирање и во тек е изработката на техничката документација.

Од Буџетот на Општина Валандово обезбедени се средства за реализирање на градежни работи за канализирање на атмосферски и фекални отпадни води на териротијата на Општина Валандово.

Доколку се обезбедат средства ќе се отпочне со изградба на Пречестителна станица за отпадни води, за кој Општина Валандово претходно има изработено техничка документација со сите фази.

Заради заштита од заразни болести:

- ќе се врши редовна дезинфекција на садовите за складирање на отпадот;

- во населените места каде што отстранувањето на отпадните води е во септички јами ќе се врши интервенција за нивно чистење преку ЈП „Комунален сервис“, со специјализирано возило за чистење на септички јами, кое Општина Валандово го има набавено за таа намена, преку проектот „Набавка на механизација за подобрување на комуналните услуги во Општина Валандово“ и го има отстапено на Јавното претпријатие.

<u>4.1 Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во населени места и на други јавни површини</u>

Заради поголема ефикасност, Општина Валандово и оваа година планира превентивната дезинсекција да ја спроведе како заедничка активност на општините од Југоисточниот плански регион. Притоа ларвицидната дезинсекција ќе се извршува според претходно утврдена динамика, а адултицидна дезинсекција ќе се изведува во неколку наврати според оперативен план, усогласен со акционниот план на Центарот за јавно здравје. Во функција на тоа општината веќе има извршено евидентирање (мапирање) на сите стоечки води, бари, канали, речни корита и други лежишта на комарци.

Дератизација со поставување на мамци во шахти од фекална канализација ќе се реализира во месец мај. Носител на оваа активност ќе биде Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово.

Дератизација и дезинфекција во другите јавни установи под надлежност на општината ќе врши секоја од јавните установи индивидуално.

5.1 <u>Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението</u>

Здравствената едукација на населението ќе се реализира во соработка со Центарот за јавно здравје Струмица. Притоа населението редовно ќе се информира за вектор преносливите заразни заболувања преку учество на локалните медиуми, изработка на информативно-едукативни летоци, брошури и флаери. Непосредната комуникација на терен со месното население ќе биде важен сегмент со цел подигање на степенот на индивидуалната можност на населението за самозаштита и справување.

6.1 <u>Одржување на комуналната хигиена</u>

Одржувањето на комуналната хигиена ќе се врши согласно Програмата на Советот на Општина Валандово за одржување на јавната чистота.

**III. Начин на финансирање**

Финансиските средства за превентивна дезинсекција се планирани со Буџетот на Општина Валандово за 2025 година во износ од 621.000,00 денари од кои 276.000,00 за дезинсекција и дератизација и 345.000,00 за ветеринарни услуги.

Финансиските средства за изградба на пречистителна станица ќе бидат од донација.

Финансиските средства за изградба на дел од колектор за град Валандово во износ од 21.167.000 денари се обезбедени од Влада на РСМ, а ги спроведе Министерство за животна средина и просторно планирање.

Од Буџетот на Општина Валандово обезбедени се средства од 1.073.685,54 денари за реализирање на градежни работи за канализирање на атмосферски и фекални отпадни води на териротијата на Општина Валандово.

За намалување на загубите со вода доколку се обезбедат финансиски средства ќе се направи замена и инсталација на мерни инструменти за далечинско отчитување комплет со инсталација и конфигурација на опрема за отчитување со Општина Валандово. Вкупната вредност на проектот е 47.644.506,00 денари.

Обезбедени се средства во износ од 3.500.000,00 денари за „Изработка на техничка документација за изградба на канализационен систем во населено место Чалакли“, преку конкурсот за распределување на средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2024 година од Министерството за животна средина и просторно планирање и во тек е изработката на техничката документација.

IV. Завршни одредби

Програмата влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-36/10
27.02.2025 год.
Валандово

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и третата редовна седница, одржана на ден 27.02.2025 година.

Бр.09-337/17
04.03.2025 год.
Валандово

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

---

Врз основа на член 99 од Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и 190/16 и Сл.весник на РСМ бр. 275/19, 101/21 и 101/21), Советот на Општина Валандово на четириесет и третата редовна седницата одржана на ден 27.02.2025 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО ЗА 2025 ГОДИНА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 08-36/17
27.02. 2025 год.
Валандово

**СОДРЖИНА:**


**I Вовед**

- Општ дел
- Просторен опфат и предмет на Програмата
- Основи за изработка на Програмата
    - Законски основ
    - Основни плански документи

**II Глави на Програмата**

1. **Цели на Програмата**
- Општи цели на Програмата
- Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети

2. **Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по урбанистички план)**
- Листа на градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет
- Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет
- Детален преглед на градежни парцели (групирани по предвидена активност)
    а. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање
    б. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно надавање
    в. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под краткотраен закуп по пат на јавно надавање
    г. Градежни парцели што ќе бидат предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство

3. **Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**
- Дефинирање на целна група за оделни групи на градежни парцели
- Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали
- Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата
- Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата

4. **Динамика на реализација на Програмата**
- Број на турнуси за објавување на оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси

- Пропишување на условите за надавање
- Лица надлежни за реализација на Програмата

5. **Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)**

6. **Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)**

7. **Преодни и завршни одредби**

## 1.ВОВЕД:

### 1.1 Општ дел

Согласно Законот за градежно земјиште, градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопстеноста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија управува Владата на Република Северна Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Северна Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она шето е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Северна Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изграедно комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со градежно-техничка документација (одобрение за градење и пропратна документација) и заведен во јавните книги за запишување на правата на недвижностите .

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен или краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

## 1.2 Просторен опфат и предмет на Програмата

Предмет на Програмата е управување со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Валандово, дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија, за време на календарска 2025 година. Под располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија се подразбира, отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (по пат на јавно наддавање или по пат на непосредна спогодба), давање на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија под долготраен или краткотраен закуп, право на трајно користење и пренесување на правото на сопственост.

## 1.3 Основи за изработка на Програмата

- **Законски основ**

Законски основ на програмата за управување со градежното земјиште се: Закон за локалната самоуправа (Сл. Весник на РМ 5/2002), Закон за градежно земјиште Сл.весник на РМ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и 190/16 и Сл.весник на РСМ бр. 275/19, 101/21 и 101/21).

**Основни плански документи**

Градежно земјиште е земјиштето кое е планирано со урбанистички план, урбанистичко-планска документација, урбанистичко-проектна документација, општ акт или проект за инфраструктура. Согласно ова сите урбанистички планови, урбанистичко-плански документации, урбанистичко-проектни документации, општи акти или проекти за инфраструктура кои се на сила се основни плански документи неопходни за располагање со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

## 2, ГЛАВИ НА ПРОГРАМАТА:

### 2.1 Цели на Програмата

- **Општи цели на Програмата**

Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој.

Обезбедување на раст на локалниот економски развој, преку развој на градежниот сектор, како и со изградба на објекти, со реализација на донесените урбанистички планови и урбанистичко-проектни документации.

- **Конкретни цели на Програмата**

Преку отуѓувањето или давање под долготраен или краткотраен закуп на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија, се обезбедуваат средства во буџетот на Општина Валандово.

Со отуѓувањето или давање под долготраен или краткотраен закуп на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија, купувачот, односно закупецот има обврска во законски предвиден рок да прибави одобрение за градење, односно да изгради објект согласно намената предвидена со актот за планирање на просторот, што директно значи развој на градежниот сектор.

Со изградба на објекти за домување (намена А), се допринесува кон намалување на иселувањето на младите од Општина Валандово.

## 2.2 Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата

- **Детален преглед на градежни парцели (по населено место и по урбанистички план)**

**А. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање**

Табела со следните информации:

| ДУП за урбан блок 1.4, урбана единица 1 во градот Валандово | | |
|---|---|---|
| 1.4.39 | Број на градежна парцела | 1.4.39 |
| | Вкупна површина на градежната парцела | 335,13 м² |
| | Намена на земјиштето (основна класа) | А1-домување во станбени куќи |
| | Намена на земјиштето (опис) | Домување во станбени куќи |
| | Компатибилна класа на намена на земјиштето | Б1 (30%) |
| | Намена на земјиштето (опис на компатибилни намени) | Мали комерцијални и деловни намени |
| | Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела | КО Валандово КП 3378-дел |
| | Површина за градба | 92,0 м² |
| | Бруто развиена површина | 184,0 м² |
| | Процент на изграденост | 27,5% |
| | Коефициент на искористеност на земјиштето | 0,55 |
| | Максимална дозволена висина | 7,50 м |
| | Катност | П+1 |
| | Почетна/Утврдена цена по метар квадратен, | 61 мкд |
| | Урбанистички план донесен со одлука број : | 08-112/16 од 01.10.2024 година |
| | Објавен во службен гласник на Општина Валандово број: | 8/2024 |
| 1.4.42 | Број на градежна парцела | 1.4.42 |
| | Вкупна површина на градежната парцела | 352,14 м² |
| | Намена на земјиштето (основна класа) | А1-домување во станбени куќи |
| | Намена на земјиштето (опис) | Домување во станбени куќи |
| | Компатибилна класа на намена на земјиштето | Б1 (30%) |
| | Намена на земјиштето (опис на компатибилни намени) | Мали комерцијални и деловни намени |
| | Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела | КО Валандово КП 3378-дел |
| | Површина за градба | 83,0 м² |
| | Бруто развиена површина | 166,0 м² |
| | Процент на изграденост | 23,6% |
| | Коефициент на искористеност на земјиштето | 0,47 |
| | Максимална дозволена висина | 7,5 м |
| | Катност | П+1 |
| | Почетна/Утврдена цена по метар квадратен, | 61 мкд |
| | Урбанистички план донесен со одлука број : | 08-112/16 од 01.10.2024 година |
| | Објавен во службен гласник на Општина Валандово број: | 8/2024 |
| 1.4.45 | Број на градежна парцела | 1.4.45 |
| | Вкупна површина на градежната парцела | 354,64 м² |
| | Намена на земјиштето (основна класа) | А1-домување во станбени куќи |
| | Намена на земјиштето (опис) | Домување во станбени куќи |

| | | |
|---|---|---|
| | Компатибилна класа на намена на земјиштето | Б1 (30%) |
| | Намена на земјиштето (опис на компатибилни намени) | Мали комерцијални и деловни намени |
| | Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела | КО Валандово КП 3378-дел |
| | Површина за градба | 105,0 м² |
| | Бруто развиена површина | 210,0 м² |
| | Процент на изграденост | 29,6% |
| | Коефициент на искористеност на земјиштето | 0,59 |
| | Максимална дозволена висина | 7,5 м |
| | Катност | П+1 |
| | Почетна/Утврдена цена по метар квадратен, | 61 мкд |
| | Урбанистички план донесен со одлука број : | 08-112/16 од 01.10.2024 година |
| | Објавен во службен гласник на Општина Валандово број: | 8/2024 |
| | УПС Калково | |
| 3.30 | Број на градежна парцела | 3.30 |
| | Вкупна површина на градежната парцела | 855,87 м² |
| | Намена на земјиштето (основна класа) | А1-домување во станбени куќи |
| | Намена на земјиштето (опис) | Домување во станбени куќи |
| | Компатибилна класа на намена на земјиштето | Б1, В1, Д3 (30%) |
| | Намена на земјиштето (опис на компатибилни намени) | Б1-мали комерцијални и деловни намени, В1-образование и наука (основно образование) и Д3-спорт и рекреација |
| | Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела | КО Јосифово КП 315-дел, 316-дел и КП 1820/1-дел |
| | Површина за градба | 495,67 м² |
| | Бруто развиена површина | 500,00 м² |
| | Процент на изграденост | 57,9% |
| | Коефициент на искористеност на земјиштето | 0,6 |
| | Максимална дозволена висина | 10,20 м |
| | Катност | П+2+Пк |
| | Почетна/Утврдена цена по метар квадратен, | 61 мкд |
| | Урбанистички план донесен со одлука број : | 08-96/2 од 30.09.2022 година |
| | Објавен во службен гласник на Општина Валандово број: | 8/2022 |
| 3.31 | Број на градежна парцела | 3.31 |
| | Вкупна површина на градежната парцела | 835,09 м² |
| | Намена на земјиштето (основна класа) | А1-домување во станбени куќи |
| | Намена на земјиштето (опис) | Домување во станбени куќи |
| | Компатибилна класа на намена на земјиштето | Б1, В1, Д3 (30%) |
| | Намена на земјиштето (опис на компатибилни намени) | Б1-мали комерцијални и деловни намени, В1-образование и наука (основно образование) и Д3-спорт и рекреација |
| | Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела | КО Јосифово КП 315-дел, 316-дел, 319-дел и КП 1820/1-дел |

| | | |
|---|---|---|
| | Површина за градба | 436,83 м² |
| | Бруто развиена површина | 500,00 м² |
| | Процент на изграденост | 52,3% |
| | Коефициент на искористеност на земјиштето | 0,6 |
| | Максимална дозволена висина | 10,20 м |
| | Катност | П+2+Пк |
| | Почетна/Утврдена цена по метар квадратен, | 61 мкд |
| | Урбанистички план донесен со одлука број : | 08-96/2 од 30.09.2022 година |
| | Објавен во службен гласник на Општина Валандово број: | 8/2022 |
| 3.13 | Број на градежна парцела | 3.13 |
| | Вкупна површина на градежната парцела | 1306,54 м² |
| | Намена на земјиштето (основна класа) | Г2-лесна и незагадувачка индустрија |
| | Намена на земјиштето (опис) | Лесна и незагадувачка индустрија |
| | Компатибилна класа на намена на земјиштето | Б1, Б2, Д2, Д3, Г3, Г4 до (30%), Б4 до (10%) и В2-до (5%) |
| | Намена на земјиштето (опис на компатибилни намени) | Б1-мали комерцијални и деловни намени, Б2-големи трговски единици, Д2-заштитно зеленило, Д3-спорт и рекреација, Г3-сервиси, Г4-стоваришта, Б4-деловни простори, В2-здравство и социјална заштита |
| | Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела | КО Јосифово КП 318-дел |
| | Површина за градба | 929,82 м² |
| | Бруто развиена површина | 3719,30 м² |
| | Процент на изграденост | 71,2% |
| | Коефициент на искористеност на земјиштето | 2,8 |
| | Максимална дозволена висина | 10,20 м |
| | Катност | П+2 |
| | Почетна/Утврдена цена по метар квадратен, | 61 мкд |
| | Урбанистички план донесен со одлука број : | 08-96/2 од 30.09.2022 година |
| | Објавен во службен гласник на Општина Валандово број: | 8/2022 |
| 3.16 | Број на градежна парцела | 3.16 |
| | Вкупна површина на градежната парцела | 1635,68 м² |
| | Намена на земјиштето (основна класа) | Г2-лесна и незагадувачка индустрија |
| | Намена на земјиштето (опис) | Лесна и незагадувачка индустрија |
| | Компатибилна класа на намена на земјиштето | Б1, Б2, Д2, Д3, Г3, Г4 до (30%), Б4 до (10%) и В2-до (5%) |
| | Намена на земјиштето (опис на компатибилни намени) | Б1-мали комерцијални и деловни намени, Б2-големи трговски единици, Д2-заштитно зеленило, Д3-спорт и рекреација, Г3-сервиси, Г4-стоваришта, Б4-деловни простори, В2-здравство и социјална заштита |

| | | |
|---|---|---|
| | Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела | КО Јосифово КП 316-дел |
| | Површина за градба | 1218,09 $м^2$ |
| | Бруто развиена површина | 4872,40 $м^2$ |
| | Процент на изграденост | 74,5% |
| | Коефициент на искористеност на земјиштето | 3,0 |
| | Максимална дозволена висина | 10,20 м |
| | Катност | П+2 |
| | Почетна/Утврдена цена по метар квадратен, | 61 мкд |
| | Урбанистички план донесен со одлука број : | 08-96/2 од 30.09.2022 година |
| | Објавен во службен гласник на Општина Валандово број: | 8/2022 |

**б. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно надавање**

**/**

**в. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под краткотраен закуп по пат на јавно надавање**

**/**

**г. Градежни парцели што ќе бидат предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство.**

**/**

**д. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на непосредна спогодба:**

Согласно Законот за градежно земјиште, предмет на оваа програма е и отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба, на начин и постапка утврдени со Законот за градежно земјиште, по поднесени барања од странките.

**2.3 Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**

- **Дефинирање на целни групи за предметната градежна парцела**

Целна група на градежната парцела се идните инвеститори.

- **Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали**

Информирањето ќе се врши со објави на веб страната на општината www.valandovo.gov.mk , и на други веб страни www.gradezno-zemjiste.mk и огласување во дневни гласила и Службен весник на Република Северна Македонија,

- **Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата**

Согласно законски предвидените рокови.

- **Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата**

Комисијата за управување со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

**2.4 Динамика на реализација на Програмата**

Со цел минимизирање на финасиските трошоци поврзани со објавата на огласи за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште се предвидува градежните парцели што се предмет на годишната програма да се објават во турнуси.

Градежни парцели опишани во точка 2.2 од оваа програма да се објават во еден оглас до првата половина на 2025 година. Во случај доколку за некои од парцелите не се заврши процесот на отуѓување при првата објава, комисијата до крајот на календарската 2025 година да објави втор оглас за отуѓување на градежно неизградено земјиште по пат на јавно наддавање.

- **Пропишување на условите за надавање**

Начинот и условите за објавувањето на огласот за јавно наддавање да бидат во целост во склад со Законот за градежно земјиште и подзаконските акти кои се донесени по истиот Закон, без задавање на посебни дополнителни услови предвидени со член 54 од Законот за градежно земјиште.

- **Лица надлежни за реализацијата на Програмата**

Комисијата за организирање на процесот за објавување на оглас за јавно наддавање ја формира Градоначалникот на Општина Валандово и истата брои 3 лица од кои најмалку двајца треба да имаат овластување од Министерот за транспорт за водење на постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште.

**2.5 Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)**

Проценката на финансиските приходи се прави кумулативно, според просечната пазарна цена за метар квадратен градежно земјиште по зони во тоа населено место или локалитет.

Вкупно 402.996,00мкд

Приход на општината 80% =322.397,00мкд

**2.6 Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)**

Финансиските средства потребни за реализација на програмате се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

- Трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште;

(трошоци за геодетски елаборат нумерички податоци, имотни листови и уверение за движење на парцела)

84.000,00мкд

- трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште.

15.000,00мкд

**2.7 Преодни и завршни одредби**

- Програмата ја усвојува Советот на општината.
- Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.
- За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општината.
- Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службениот гласник на општината.

Совет на Општина Валандово

Претседател

Владимир Марков